СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжениена Осумдесет и деветата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 април 1998 година

Скопје, април 1998 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 89-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 29 IV. 1998 год**

Дискутанти :

1. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1.. ( води седн.)
2. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА – 1

ДНЕВЕН РЕД :

Т.26-стр.1 - одлука
Т.28-стр.3 – одлука
Т.29-стр.4 - одлука
Т.30стр.4 - "
Т.31.стр.5 - "
Т.32-стр.5 - "
Т.33-стр.6 - "
Т.34.-стр.6 - "
Т.35- стр.7 - "
Т.25 - стр 7 - Декларац. за еднаквост меѓу половите

- КРАЈ НА СЕДНИЦАТА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 април 1998 година

Седницата се одржа во сала 1 во зградата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоре Темелковски, Јован Србиновски, и Ристо" Марковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Информиран сум од група пратеници дека подготвуваат сугестии на заклучокот по 25-тата точка, имено по предлогот на Декларацијата за еднаквост меѓу половите на г-ѓа Трајановска и таа точка да ја оставиме, да завршиме со останатите точки, а ова откако ќе го добиеме писмениот текст на сугестиите на нацрт - Декларацијата.

Г-ѓа Трајановска дали се согласувате?

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Да.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката 26 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија.

I/2 рд/вц

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор, предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (57)

Дали има некој против. (нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (не)

Очигледно дека некој не гласал.

65 пратеници има во салата.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 27 - Предлог на одлука за избор на членови на управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас ќе ја поддржам оваа Предлог-од- лука, меѓутоа, сакам да ве информирам од денеска натаму на оваа практика да се заборави.

Имено, во изминатиот период во разни управни одбори се предложени стотици и стотици членови од разни струки и занимања, меѓутоа, досега не видовме ниту во еден здравствен дом или медицински центар во нашава држава да се поддржи некој селанец или пензионер. Туку се предлагаат некои познати личности, по врски или

било како. Господа, јас мислам дека одамна треба да заборавиме една стара практика што се емитуваше во стариот систем кога се велеше зошто не е во некој управен одбор еден селанец со опинци да крева рака кој што врска нема каква одлука се носи. Господа, селаните ги уживаат правата на здравственото, пензиското и другото осигурување и сметам дека во овие одбори треба да се најде нешто за нив и за пензионерите, барем ако медицинските центри и другите установи сега за сега не покажуваат некој интерес за решавање на нивните проблеми од областа на здравството, едноставно не сакаат да ги решаваат, тогаш барем преку тие членови во тие управни одбори, ќе се слуша гласот на селанецот за проблемите што ги има со снабдувањето со лекови со работата на селските амбуланти и на друго.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи немате конкретен предлог г-дине Тантаров.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (не)

Дали има некој воздржан? (не)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови во Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Битола.

Минуваме на точката 2 8 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кочани.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 66 )

Дали кма некој против? (нема)

Дали нма некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Кочани.

Минуваме на точката 2 9 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита-Велес.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 59 )

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Велес.

Минуваме на точката 30 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Неготино.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 )

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Неготино.

Минуваме на точката 31 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 )

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница - Скопје.

Минуваме на точката 32 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Стоматолошки и клинички центар - Скопје.

Прдлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 62 )

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор ва членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Стоматолошки и клинички центар - Скопје.

Миниваме на точката 33 - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на фестивалот Охридско Лето-Охрид.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 62 )

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставници на Републиката во Советот на фестивалот Охридско Лето - Охрид.

Минуваме на точката 34 - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 63 )

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Минуваме на точката 35 - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување на Предлог за именување на декан на Стоматолошкиот факултет - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 )

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за изготвување на Предлог за именување на декан на Стоматолошкиот факултет - Скопје.

Се враќаме повторно на 25-тата точка -

Бидејќи сеуште не ги добивме во писмена форма забелешките јас ќе ви предложам еден заклучок, па потоа може да отвориме расправа.

I/8

Ве потсетувам дека во текот на расправата по предлогот на декларацијата за еднаквост меѓу половите, предлагачот пратеникот Николина Трајановска го прифати предлогот на повеќе пратеници Предлогот на декларацијата на оваа седница да биде разгледан како нацрт. Значи во прва фаза и претресот го заклучи. Врз основа на расправата на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на Декларацијата за еднаквост меѓу половите.

Второ, предлагачот Николина Трајановска ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на декларација, при што ќе ги има предвид укажувањата изнесени на седницата на Собранието, како и забелешките поднесени од пратениците во писмена форма. Вклучително и ова за што ме замолија за што станувaше збор што ме замолија група пратеници.

Овој заклучок заедно со стенографските белешки и забелешки на пратеникот Мирко Триунпвски и писмените забелешки од другите пра теници да се достави до предлагачот пратеникот Николина Трајановска

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.(64)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (1).

Констатирам дека е усвоен предложениот заклучок. Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 89-та седница на Собранието на Република Македонија.

(седницата заврши во 13,00 часот).